Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

рег. бр. 16.1.2- 1063/1

Скопје 27. 08. 2021

До

Предмет: РЕШЕНИЕ за одговор

**РЕШЕНИЕ**
**за одговор на барање за слободен пристап до бараната информација**

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме за следното:

Согласно Законот за државјанството на Република Северна Македонија ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 67/1992, 8/2004, 98/2008, 158/2011, 55/2016 и 174/2021 ), иселеник од Република Северна Македонија, како и негов потомок до прво колено, може со природување да стекне државјанство на Република Северна Македонија ако ги исполнува условите предвидени во член 8 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија кој овозможува иселениците од Република Северна Македонија под одредени услови да стекнат државјанство на Република Северна Македонија. На иселениците и нивните потомци до прво колено законот им овозможува да стекнат двојно државјанство, односно покрај државјанството кое го поседуваат и државјанството на Република Северна Македонија. Во постапката за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија по овој основ треба де се утврди дали апликантот има својство на иселеник од Република Северна Македонија односно дали е потомок до прво колено на иселеник од Република Северна Македонија.

Според законот под иселеник се подразбира „граѓанин на Република Северна Македонија кој се иселил во друга држава, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло".

Во Законот за државјанството дефиниран е поимот иселеник. Имено за "иселеник од Република Северна Македонија се смета граѓанин кој се иселил од Република Северна Македонија во друга држава, без оглед на полот, расата, бојата на кожата, националното и


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба".

Потребни документи кои треба да се приложат се :

-лично поднесено барање од апликантот во дипломатско конзуларно претставништво (ДКП) на Република Северна Македонија во странство или во подрачните единици на Министерството за внатрешни работи (Одделението за управни работи Скопје или Отсеците за управни работи) ;

-поширока биографија со посебен осврт на тоа со кое лично име се служеле во Република Северна Македонија, која година и со кој документ се иселиле од Република Северна Македонија;

-уплатница од 20 евра во денарска противредност на име на администартивна такса;

- да наполнил 18 години живот;

- да има обезбедено стан и постојан извор на средства за егзистенција во висина која овозможува материјална и социјална сигурност под услови утврдени со закон;

- против него да не се води кривична постапка и да не бил казнуван со казна затвор во траење од најмалку една година, за дела за кои се гони по службена должност и кои се казниви според прописите во Република Северна Македонија (се обезбедува по службена должност)

- против него да не се води кривична постапка во државата чиј државјанин е и да не бил казнуван со казна затвор во траење од најмалку една година во државата чиј државјанин е;

-да не е изречена мерка забрана за престој во Република Северна Македонија (се обезбедува по службена должност);

- неговиот прием во државјанство на Република Северна Македонија да не ја загрозува безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија (се обезбедува по службена должност);


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

-да потпише заклетва дека ќе биде лојален граѓанин на Република Северна Македонија.

Согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Северна Македонија странец кој наполнил 18 години живот може со природување да стекне државјанство на Република Северна Македонија ако тоа претставува особен научен, економски, културен, спортски или други национален интерес.

Владата на Република Северна Македонија со уредба ги утврди критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство.

Согласно член 6 од Уредбата за утврдување на критериумите за особен научен, економски, културен, спортски или друг национален интерес за стекнување на државјанство на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија" бр 9/2005, 161/2012 и 42/2021 ), друг особен национален интерес во смисла на оваа уредба, освен особениот национален интерес утврден во членовите 2, 3, 4 и 5 од оваа уредба, постои за странец кој поднел барање за стекнување со државјанството на Република Северна Македонија, а не е иселеник од Република Северна Македонија, ниту негов потомок до прво колено и ако исполнува најмалку еден од следниве услови:

- да е по потекло од Република Северна Македонија, а живее надвор од нејзините граници и го познава македонскиот јазик;

-има издадено позитивна публистичка дејност за историјата, политичкиот и економскиот развој на Република Македонија;

-презема активности со кои ја афирмира Република Северна Македонија во светот;

-е активен во друштвата и заедниците на Република Северна Македонија во странство.

Постоењето на особениот национален интерес врз основа на критериумите од став 1 на овој член, во зависност од утврдените надлежности го оценува Агенцијата за иселениште, Министерството за внатрешни работи и Министерството за надворешни работи.


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија

**Министерство за внатрешни работи**

Оддел за односи со јавност и стратешки прашања
Сектор за односи со јавност и протокол

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот поднесе барање за слободен пристап до информации од јавен карактер до Министерство за внатрешни работи, кое од Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, беше доставено до Секторот за управно надзорни работи, Оддел за граѓански работи од каде добивме одговор кој што му го доставуваме на барателот.

**Изработил: Јован Пешевски**
**Контролирал: Сузана Прањиќ Талевска**
**Одобрил: Наталија Спирова**

**ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ**
**Тони Ангеловски**


Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија
Ул.Димче Мирчев бр.9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3 117 222
www.mvr.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015